**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**Забелешки на Македонски телеком АД – Скопје, доставени во неговиот Коментар на Нацрт – Пријавата за евидентирање во регистарот на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и регистрација на програмски сервиси бр. 31-42566/1 од 19.02.2014 година (наш бр. 03-1028/1 од 19.02.2014 година)**

1. Кратенката „ОЈЕКМ“ не соодветствува со Законот за електронски комуникации, како матичен закон, со напомена дека овој закон ја користи кратенката „оператор“;

2. Да се прецизира што се подразбира под документи за регистрација од Централниот регистар, на начин што ќе се утврди обврска за доставување на Тековна состојба на субјектите на упис;

3. Тековната состојба на субјектот треба да се поднесува само првиот пат при пријавувањето на субјектот на упис и при евентуална промена на податоците кои се содржани во тековната состојба;

4. Потврдата за извршена регистрација, издадена од Агенцијата за електронски комуникации, треба да се доставува при првичната пријава на операторот;

5. Дозволата за вршење радиодифузна дејност да се приложува кон пријавата за регистрација, само во случаите кога Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не го поседува горенаведениот документ (претходно доставен од истиот или од друг оператор);

6. Непотребно ја обременува документацијата што треба да ја приложи операторот барањето за приложување на на логото на програмскиот сервис чие реемитување се бара;

**Мислење по забелешките на Македонски телеком АД – Скопје, доставени во неговиот Коментар на Нацрт – Пријавата за евидентирање во регистарот на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и регистрација на програмски сервиси бр. 31-42566/1 од 19.02.2014 година (наш бр. 03-1028/1 од 19.02.2014 година)**

1. Забелешката е основана и со фуснота да се појасни кој термин го употребува Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а кој Законот за електронски комуникации;

2. Забелешката е основана и да се бара Тековната состојба на субјектот на упис како документ од Централниот регистар на Република Македонија;

3. Забелешката е основана и Тековната состојба на субјектот на упис треба да се поднесува само првиот пат при пријавувањето на субјектот на упис и при евентуална промена на податоците кои се содржани во Тековната состојба;

4. Забелешката е основана и во Предлог – Пријавата да се стави напомена дека потврдата за извршена регистрација, издадена од Агенцијата за електронски комуникации, треба да се доставува при првичната пријава на операторот;

5. Забелешката е основана и во Предлог – Пријавата да се стави напомена дека дозволата за вршење радиодифузна дејност на странски радиодифузер се приложува кон пријавата за регистрација, само во случаите кога Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не го поседува горенаведениот документ (претходно доставен од истиот или од друг оператор);

6. Забелешката не е основана и при пријавувањето да се внесува податок за надлежниот регулатор на странскиот радиодифузер чиј странски програмски сервис се реемитува во Република Македонија;

7. Забелешката е неоснована затоа што логото на програмскиот сервис чие реемитување се бара може лесно да се најде на интернет на соодветни веб страници;

**Забелешки од состанокот со операторите на јавни електронски комникациски мрежи, одржан во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на ден 24.02.2014 година, во присуство на претставници на Македонски телеком – АД – Скопје, Медиа енд броудбенд Близу ДООЕЛ – Скопје, Роби ДООЕЛ – Штип и СИЗ МК – Нет - Скопје:**

1. Пријавувањето и регистрацијата да биде по електронски пат;

2. Да не се бара нотарска заверка на изјавата од член 141 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што треба да ја даде одговорното лице на операторот;

3. Бидејќи законодавецот се определил за ex post контрола на уредувањето на авторските и сродните права за реемитување, при регистрацијата на програмските сервиси, во глобала да не се бараат договори за реемитување;

4. Документот за Тековната состојба на операторот да не биде постар од шест месеци, согласно практиката на Државниот пазарен инспекторат и практиката во постапките за јавни набавки;

5. Да не се внесува податок за надлежниот регулатор на странскиот радиодифузер чиј странски програмски сервис се реемитува кај нас, бидејќи од дозволата се гледа кој регулатор неа ја издал;

6. Договорите за реемитување да бидат приложувани во оригинал и во превод на македонски јазик од страна на овластен судски преведувач, без заверка на преводот од страна на нотар;

**Мислење по забелешките од состанокот со операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, одржан во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на ден 24.02.2014 година, во присуство на претставници на Македонски телеком – АД – Скопје, Медиа енд броудбенд Близу ДООЕЛ – Скопје, Роби ДООЕЛ – Штип и СИЗ МК – Нет - Скопје:**

1. Забелешката е делумно основана, со тоа што во оваа фаза пријавувањето ќе биде во хартиена форма, додека не се обезбедат технички и други услови за пријавување во електронска форма;

2. Не е основана забелешката за непотребноста од нотарска заверка на изјавата од член 141 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што треба да ја даде одговорното лице на операторот, затоа што во услови на развиена нотарска мрежа и ниска цена на услугата за заверка на изјавата, не се обременува и поскапува постапката, а се обезбедува висок степен на правна сигурност;

3. Забелешката е неоснована, бидејќи небарањето на договори за реемитување, во услови кога мониторинг системот на Агенцијата не ги опфаќа операторите од внатрешноста на Република Македонија, сеуште постои опасност за реемитување без склучени договори за реемитување и прекршување на авторското право и сродните права и нелојална конкуренција помеѓу операторите;

4. Основана е забелешката документот за Тековната состојба на операторот да не биде постар од шест месеци, согласно практиката на Државниот пазарен инспекторат и практиката во постапките за јавни набавки и досегашната практика на Советот за радиодифузија во конкурсите за доделување на дозволи за вршење радиодифузна дејност;

5. Не е основана забелешката да не се внесува податок за надлежниот регулатор на странскиот радиодифузер чиј странски програмски сервис се реемитува кај нас, поради евентуална потреба од службени контакти меѓу двата регулатори, за што сведочи и досегашното искуство на Советот за радиодифузија;

6. Забелешката е несонована затоа што логото на програмскиот сервис чие реемитување се бара може да се најде на интернет на соодветни веб страници;

7. Неоснован е предлогот договорите за реемитување да бидат приложувани во оригинал и во превод на македонски јазик од страна на овластен судски преведувач, но без заверка на преводот од страна на нотар, затоа што обврската за заверка на преводот кај нотар ја пропишува Законот за општа управна постапка, а Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна доследно да го применува овој Закон.

DRAFT